ОПШТИНА ПРОБИШТИП
08-685/12
19. 12. 2022 год.
ПРОБИШТИП

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
Ул.„Јаким Стојковски“ бр.1
Тел:032 483 131; факс: 032 483 047
***www.probistip.gov.mk***

# ЗАПИСНИК

од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ” бр.102/19) и Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор („Службен весник на РСМ” бр.238/19) на ден 19.12.2022 година со почеток во 10,00 часот во службените простории на Општина Пробиштип пред Комисијата за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Пробиштип со Решение број 08-685/8 од 28.11.2022 година во состав:

- Живка Михајлова- Раководител на Одделение за инспекциски работи во Општина Пробиштип- ментор на кандидатот за инспектор;
- Зоран Наумовски- Комунален инспектор во Одделението за онспекциски работи во Општина Пробиштип;
- Тоше Ѓорѓиевски-Раководител на Секторот за инспекциски работи-Главен инспектор во Општина Штип;
- Влатко Серафимов-Член од областа на животната средина и заштита на здравјето на луѓето, номиниран член од Инспекцискиот совет

се спроведе практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор е Катерина Миланова на работно место Овластен инспектор за туристичка и угостителска дејност во Одделението за инспекциски работи во Општина Пробиштип.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот на спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор при што кандидатот Катерина Миланова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготвување на истиот, спроведување на инспекцискиот надзор со подготвување на инспекциски акти, затворање на инспекцискиот надзор и документирање на истиот.

Кандидатот за инспектор презентираше вонреден инспекциски надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот за инспектор Катерина Миланова, Комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:

- Планирање и подготвување на инспекцискиот надзор- 15 бодови
- Спроведување на инспекцискиот надзор-25 бодови
- Затворање на инспекцискиот надзор-30 бодови
- Документирање на инспекцискиот надзор-15 бодови

Комисијата констатира дека кандидатот за инспектор Катерина Миланова **<u>го положи</u>** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени вкупно 85 бодови.

Полагањето на практичниот дел од испитот се одвиваше во следниот временски период:

- Почеток во 10,00 часот на ден 19.12.2022 година
- Завршување во 12,00 часот на ден 19.12.2022 година

Комисија за полагање на практичен дел од испитот за инспектор:

1. Живка Михајлова ____________________
2. Зоран Наумовски ____________________
3. Тоше Ѓорѓиевски ____________________
4. Влатко Серафимов ____________________

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
2
ПРОБИШТИП